ОПШТИНА РЕСЕН
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР – ИНСПЕКТОРАТ

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР – ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2022 ГОДИНА**

Дел.бр. -------------------------------------

Андријана Георгиевска Зебековска
(име и презиме)

Датум: 14.12.2020 год.

По овластување на Градоначалник
Раководител на одделение – советник инспектор
(функција/звање на раководителот на инспекциската служба)

Место: Општина Ресен

(м.п.) -----------------------------------------------------------
(потпис)

Заради планирање на работите од надлежност на Одделението за инспекциски надзор – инспекторат, а со цел постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност во извршувањето на работните задачи, согласно овластувањата од член 33 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) како и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 238/19), инспекциската служба при Општина Ресен го донесе следниов:

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**за работа на Одделението за инспекциски надзор – инспекторат**
**за 2022 година**

Инспекциските служби во Општина Ресен со Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација, организирани се во Одделение за инспекциски надзор – инспекторат, како посебна организациона единица. Одделението ги обединува работите и работните задачи во делот на инспекцискиот надзор од надлежност на општината, ја прати состојбата на подрачјето на општината, за што изготвува информации и дава предлози за нивно решавање, се со цел заштита на јавниот интерес како и остварување на поединечните права на правни и физички лица кога не се во спротивност со јавниот интерес.

Во состав на Одделението се работите од областа на инспекцискиот надзор поврзани со градењето, комуналните дејности и заштитата на животната средина, администрирањето на локалните даноците и комунални такси, локалниот патен сообраќај и автотакси превозот, угостителството и туризмот, образованието и домувањето. Во составот на одделението се и два комунални редари.

Со Одделението за инспекциски надзор – инспекторат раководи раководител Виш инспектор. Раководителот ја координира и организира работата на инспекциската служба, обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, обезбедува услови за стручно усовршување на инспекторите, донесува програмски и извештајни документи, обезбедува јавност во работењњето на инспекциските служби како и други работи од надлежност на инспекциската служба во согласност со закон.

Со оглед на тоа да областите во кои се врши надзор се различни во Планот, посебно се опфатени планските активности на инспекторите по месеци и на годишно ниво.

Одделенито во мометов располага со следниве инспектори: Виш инспектор кој раководи со одделението но во истовреме ги извршува работите од областа на инспекцијата за животна средина, овластен инспектор за туризам и угостителство. Овластениот инспекторот за сообраќај и патишта со звање советник , со решение од

01.06.2021 год. Согласно Закон за инспекциски надзор кандидатот за инспектор следеше тирмесечна интерактивна обука и во текот на месец декември 2021 год. полагаше испит за лиценца-инспектор општ дел. Во наредните девет месеци истиот ќе спроведува практична работа и обука под надзор на ментор од инспекциската служба. Бидејќи наведениот не ќе може да спроведува инспекциски надзор во текот на 2022 год. т.е до истекот на практичната работа и обука со ментор истиот нема да биде составен дел од овој план за работа.

**Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање**

| вид | Инспектор за животна средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/возраст | до 30 | 31-40 | 41-50 | 51-60 | Над60 | вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | | |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | |
| Вкупно | | | 1 | | | 1 |

| вид | Инспектор за туризам и угостителство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/возраст | до 30 | 31-40 | 41-50 | 51-60 | Над 60 | вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | |
| Вкупно | | 1 | | | | 1 |

| вид | ВКУПНО ИНСПЕКТОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/возраст | до 30 | 31-40 | 41-50 | 51-60 | Над60 | вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | | 1 |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | |
| Вкупно | | 1 | 1 | | | 2 |

**План за нови вработувања и пензионирања на инспектори**

| вид | Овластен градежен инспектор | | | Инспектор за сообраќај | | | Инспектор за комунални дејности | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-звање/возраст | вработени | пензионирани | разлика | вработени | Пензионир. | разлика | Вр аб. | Пе нз. | Ра зл | Вр аб | Пе нз. | Ра зл |
| Б1-ген. Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| Б2-глав. Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| Б3-пом. главен Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| Б4-виш инспек. | | | | | | | | | | | | |
| В1-сов. Инспек. | | | | | | | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| В2-самос. Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| В3-помошн. Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад Инспек. | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |

**Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2022 година во Општина Ресен.**

**ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

| Ред. Бр. | По месеци | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Јануари | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 2 | Февруари | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 3 | Март | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 4 | Април | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 5 | Мај | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 6 | Јуни | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 7 | Јули | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 8 | Август | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 9 | Септември | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 10 | Октомври | 2 | | | 2 | |
| 11 | Ноември | 2 | | | 2 | |
| 12 | Декември | 2 | | | 2 | |

**ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО**

| Ред. Бр. | По месеци | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Јануар | 1 | | | 1 | |
| 2 | Февруар | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 3 | Март | 1 | | | 1 | |
| 4 | Април | 1 | | | 1 | |
| 5 | Мај | | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 6 | Јуни | 2 | | 1 | 3 | 1 |
| 7 | Јули | 2 | 1 | | 3 | |
| 8 | Август | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 9 | Септември | 1 | 1 | | 2 | |
| 10 | Октомври | 1 | | | 1 | |
| 11 | Ноември | 2 | | | 2 | |
| 12 | Декември | 1 | | | 1 | |

**Обука на инспекторите**

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен. Стручното усовршување ќе се спроведува преку вклучени најмалку три генерички обуки од годишната Програма на Градоначалникот за генерички обуки.

**Буџет и финансирање**

Општина Ресен

**Меѓународна соработка**

Инспекциските служби на Општина Ресен, покрај тоа што ќе соработуваат со други домашни органи со цел поефикасно извршување на задачите, ќе имаат и меѓународна соработка преку учество во проекти и активности за хармонизација со законодавството на ЕУ и придонес кон евроинтеграциските процеси.

**Други активности на инспекциската служба**

Инспекциските служби редовно ќе ја информираат јавноста за утврдените состојби кај субјектите на надзорот, при вршење на инспекцискиот надзор, како и за преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

Инспекциските служби во вршењето на инспекцискиот надзор ке се базираат врз начелата на законитоста, заштитата на јавниот интерес, еднаквост, непристрасност и објективност кон субјектите на надзорот, одговорност, материјална вистина, јавност како и начелото на самостојност во вршењето на инспекцискиот надзор. Инспекциските служби остваруваат комуникација и со други институции согласно потребите кои произлегуваат од нивната работа на терен, тука ќе ја спомenеме соработката на овластениот инспектор за животна средина со Државниот инспекторат за животна средина како и со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Инспекциските служби покрај планираните активности во календарската година вршат во поголем обем инспекциски надзор и по други основи кои произлегуваат од теренските активности кои ги вршат општинските инспектори. Од овие теренски активности, активностите на инспекциските служби не можат да влезат во бројка на планирани годишни активности, но секако ќе бидат прикажани во шестмесечните извештаи на инспекциските служби. Друг вид на инспекциски надзор може да се јави врз основа на поднесена иницијатива на физичко или правно лице кој инспекциски надзор е вонреден и по правило е ненајавен и се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од десет дена. И овој вид на инспекциски надзор не може да се предвиди, но исто така ќе биде прикажан во шестмесечниот извештај на инспекциските служби.

Од погоре споменатите активности на инспекциските служби можат да се јават и непланирани контролни инспекциски надзори во зависност од утврдените неправилности кај физички или правни субјекти што секако и овие ќе се прикажат во шестмесечните извештаи.

Секако, треба да се напомене дека согласно Законот за инспекциски надзор, целта на инспекцискиот надзор е превентивно делување или преземање на мерки за спречување или отстранување на последиците врз заштитените добра, права или интереси, како и изрекување на инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

Во одделението за инспекциски надзор – инспекторат, вработени се и две лица на работно место комунален редар кои овозможуваат оперативно спроведување на активностите од областа на комуналните дејности, спроведување на контрола над јавните површини во врска со одржувањето на јавната чистота како и спроведувањето на забраната на пушењето во јавните простории на подрачјето на Општина Ресен.